**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 22 јануари 2024 година
Бр. 41- 1353/3

**До**
**Претседателот на Собранието на**
**Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 22 јануари 2024 година.

Në bazë të nenit 91, alinesë 2 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe neneve 132, 137 dhe 170 të Rregullores së Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut Ju parashtron, Propozim - ligjin për Garanci të Republikës së Maqedonisë së Veriut për detyrimet e marrëveshjes për hua për financimin e projektit të gazifikimit rajonal, që do të lidhet ndërmjet Bankës Evropiane për Rindërtim dhe Zhvillim dhe Shoqërisë Aksionare për kryerjen e veprimtarisë energjetike për transmetimin e gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore, me procedurë të shkurtuar, që e përcaktoi në seancën e mbajtur më 22 janar 2024.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

Për përfaqësues të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut në Kuvend janë përcaktuar dr. Fatmir Besimi, ministër i Financave dhe Filip Nikolloski, zëvendësministër i Financave, ndërsa për të besuar dr. Jelena Tast, sekretare shtetërore në Ministrinë e Financave dhe Suzana Peneva, këshilltare shtetërore në Ministrinë e Financave.

**Прв заменик на претседателот на Владата на**
**Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Маја Богоевска, помлад соработник |
| Проверил: | Никола Пасков, раководител на одделение |
| | Катерина Јаневска, раководител на одделение |
| Контролирал: | Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор |
| | Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор |
| Согласен: | Снежана М. Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата |

ПРЕДЛАГАЧ:

Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ:

д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и

Филип Николоски, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:

д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и

Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии

PROPOZUES:

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

PËRFAQËSUES:

Dr. Fatmir Besimi, ministër i Financave

Filip Nikolloski, zëvendësministër i Financave

PERSONA TË AUTORIZUAR:

Dr. Jelena Tast, sekretare shtetërore, Ministria e Financave

Suzana Paneva, këshilltare shtetërore, Ministria e Financave

Предлог на закон
за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој, по скратена постапка

Propozimligjin
e Garancisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut lidhur me Detyrimet mbi Marrëveshjen e Huasë për Financimin e Projektit të Gazifikimit Rajonal, që do të nënshkruhet ndërmjet Shoqërisë Aksionare për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në Pronësi të Shtetit dhe Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim, me procedurë të shkurtuar

Скопје, јануари 2024 година

Shkup, janar 2024

ВОВЕД

HYRJE

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Проектот за регионална гасификација е од стратешко значење за Република Северна Македонија.
Со проектот е опфатен интерконекторот со Грција (66 км) и двете делници:
- делница Гостивар – Кичево (34 км)
- делница Свети Николе – Велес (28 км).

Имплементацијата на проектот ќе придонесе кон обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните.
Проектот е еден од најприоритетните проекти за Република Северна Македонија, за регионот, како и за Енергетската Заедница и истиот е поддржан од сите релевантни европски институции.
Европската инвестициона банка (ЕИБ) има обезбедено средства во износ од 28.900.000 евра за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција-Северна Македонија, дел на Северна Македонија". На 22.12.2021 година се потпишани Договорот за заем, меѓу ЕИБ и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост (НЕР АД Скопје) и Договорот за гаранција, меѓу Република Северна Македонија, претставувана од МФ и ЕИБ. Воедно, во декември 2020 година со поддршка на ЕИБ, во рамки на инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ обезбедени се 12.724.000 евра ВБИФ грант (9.900.000 евра инвестициски грант, 2.475.000 евра грант за техничка поддршка, 50.000 евра за комуникации и видливост на проектот и 299.000 евра провизија управување за ЕИБ, кој ќе го управува ЕИБ.
Имплементатор на проектот ќе биде НОМАГАС АД Скопје.
Согласно Заклучокот од 138-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21.03.2023 година, а со цел затворање на финансиската структура на проектот, на 24.03.2023 година Министерството за финансии и НОМАГАС АД Скопје доставија барање до Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за финансирање на проектот со заем, обезбеден со државна гаранција. Со допис од 30.03.2023 година, ЕБОР изрази интерес за ко-финансирање на проектот.

ЕБОР на 16.08.2023 година достави Term sheet за условите за заемот со кој се обезбедува заем во износ од 98.600.000 евра и тоа за двете делници Гостивар – Кичево, делница Свети Николе – Велес, како и за интерконекторот со

I. VLERËSIMI I GJENDJEVE NË FUSHËN QË DUHET TË RREGULLOHET ME LIGJ DHE ARSYET E MIRATIMIT TË LIGJIT

Projekti për gazifikimin rajonal ka rëndësi strategjike për Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Me këtë projekt përfshihet interkonektori me Greqinë (66 km) dhe dy pjesët (akset):
- pjesa Gostivar – Kërçovë (34 km);
- pjesa Shën Nikollë – Veles (28 km).

Implementimi i këtij projekti do të kontribuojë në sigurimin e rritjes ekonomike të përshpejtuar dhe të qëndrueshme, standardin më të lartë të jetesës dhe cilësinë e jetës së qytetarëve.
Ky projekt është një prej projekteve më prioritare për Republikën e Maqedonisë së Veriut, për rajonin, si dhe për Komunitetin Energjetik dhe përkrahet nga të gjitha institucione europiane relevante.

Banka Europiane Investuese (BEI) ka siguruar mjete financiare në vlerë prej 28.900.000 eurove për financimin e projektit "Interkonektori për përçimin e gazit natyror Greqi – Maqedonia e Veriut, pjesa e Maqedonisë së Veriut". Më datë 22.12.2021 u nënshkrua Marrëveshja e huasë ndërmejt BEI-së dhe Shoqërisë Aksionare për Kryerjen e Veprimtarive Energjetike – Resurset Nacionale Energjetike Shkup, në pronësi të shtetit (SHA RNE Shkup), si dhe Marrëveshja e garancisë ndërmjet Republikës së Maqedonisë së Veriut, e përfaqësuar nga MF-ja dhe BEI-së. Njëkohësisht, në muajin dhjetor të vitit 2020, me përkrahjen e BEI-së, në kuadër të Instrumentit të Kornizës Investuese për Ballkanin Perëndimor – WBIF u siguruan 12.724.000 euro WBIF grant (9.900.000 euro grant investues, 2.475.000 euro grant për përkrahje teknike, 50.000 euro për komunikime dhe vizibilitet të proektit, si dhe 299.000 euro provizion menaxhimi për BEI-në, që do të menaxhohet nga BEI-ja.

Zbatuesi i projektit në fjalë do të jetë SHA NOMAGAS Shkup.
Sipas Konkluzionit nga mbledhja e 138-të e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, të mbajtur më datë 21.03.2023 për përmbylljen e strukturës financiare të këtij projekti, më datë 24.03.2203 Ministria Financave dhe SHA NOMAGAS Shkup dorëzuan kërkesë në Bankën Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim (BERZH) për financimin e këtij projekti përmes huasë, të siguruar me garanci shtetërore. Me shkresën më datë 30.03.2023, BERZH-i deklaroi interes për bashkëfinancimin e projektit në fjalë.

Më datë 16.08.2023, BERZH-i dorëzoi Term sheet lidhur me kushtet e huasë, me ç'rast sigurohet hua në vlerë prej 98.600.000 eurove edhe atë për dy pjesët: Gostivar – Kërçovë dhe Shën Nikollë – Veles, si dhe për interkonektorin me Greqinë. Më

Грција. На 03.11.2023 година беше усогласен Term sheet за заемот.

Финалните нацрт текстови на Договорот за заем и Договорот за гаранција се усогласени на 28.12.2023 година.

По усвојувањето на Законот за гаранција од страна на Собранието на Република Северна Македонија и неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, предвидено е склучување на:

- Договор за гаранција, меѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и ЕБОР,
- Договор за заем, меѓу НОМАГАС АД Скопје и ЕБОР,
- Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу Министерството за финансии и НОМАГАС АД Скопје.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14, 165/14, 98/19 и 151/21), во име на Владата на Република Северна Македонија, Министерот за финансии потпишува договор за издавање на гаранција кон странски заемодавач, како и договор за обезбедување на државна гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за издавање на државна гаранција.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој, по скратена постапка кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

datë 03.11.2023, u harmonizua Term sheet të huasë.

Propozimi i teksteve përfundimtare të Marrëveshjes së huasë dhe Marrëveshjes së garancisë janë harmonizuar më datë 28.12.2023.

Pas miratimit të Ligjit të Garancisë nga Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe publikimit të tij në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”, parashihet nënshkrimi i:

- Marrëveshjes së garancisë ndërmjet Republikës së Maqedonisë së Veriut, e përfaqësuar nga Ministria e Financave dhe BERZH-it;
- Marrëveshjes së huasë ndërmjet SHA NOMAGAS Shkup dhe BERZH-it,
- Marrëveshjes së rregullimit të të drejtave dhe detyrimeve të ndërsjella ndërmjet Ministrisë së Financave dhe SHA NOMAGAS Shkup.

Sipas Ligjit të Borxhit Publik (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.62/05, 88/08, 35/11, 139/14, 165/14, 98/19 dhe 151/21), në emër të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, ministri i Financave nënshkruan marrëveshjen e dhënies së garancisë ndaj huadhënësit të huaj, si dhe marrëveshjen e sigurimit të garancisë shtetërore me subjektin në emrin e të cilit është lëshuar, në bazë të ligjit të miratuar paraprakisht për lëshinin e garancisë shtetërore.

Duke pasur parasysh të lartpërmendurën, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut hartoi Propozimligjin e Garancisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut lidhur me Detyrimet mbi Marrëveshjen e Huasë për Financimin e Projektit të Gazifikimit Rajonal, që do të nënshkruhet ndërmjet Shoqërisë Aksionare për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në Pronësi të Shtetit dhe Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim, me procedurë të shkurtuar, që dorëzon në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriut për miratim.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на закон е обезбедување на средства за финансирање на овој проект.

Следствено на тоа, НОМАГАС АД Скопје и ЕБОР ќе склучат Договор за заем, додека Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и ЕБОР ќе склучат Договор за гаранција, за обезбедување на средствата во износ до 98.600.000 евра.

## II. QËLLIMET, PARIMET DHE ZGJIDHJET THEMELORE

Parimi bazë mbi të cilin bazohet ky propozimligj është sigurimi i mjeteve financiare për financimin e projektit në fjalë.

Rrjedhimisht, SHA NOMAGAS Shkup dhe BERZH-i do ta nënshkruajnë Marrëveshjen e huasë, ndërsa Republika e Maqedonisë së Veriut, e përfaqësuar nga Ministria e Financave dhe BERZH-i do ta nënshkruajnë Marrëveshjen e garancisë për sigurimin e mjeteve financiare në vlerë prej 98.600.000 eurove.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

НОМАГАС АД Скопје ќе се задолжи со заем во износ од 98.600.000 евра за финансирање на Проектот за регионална гасификација.
ЕБОР го условува одобрувањето на заемот со издавање на гаранција од страна на Република Северна Македонија. Имено, Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу НОМАГАС АД Скопје и ЕБОР во износ од 98.600.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку НОМАГАС АД Скопје не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.
Заемот се доделува во две транши и тоа првата транша е во износ од 66.344.000 евра, а втората транша е во износ од 32.256.000 евра.
Рокот за отплата на двете транши од заемот е 15 години со вклучен грејс период од три години. Двете транши од заемот ќе се отплаќаат во 24 полугодишни рати на 10 јуни и на 10 декември секоја година. Рокот на отплата на првата транша започнува од првиот датум од навршување на третата година од склучување на Договорот за заем, додека рокот за отплата на втората транша започнува од првиот датум од навршување на третата година од денот на достапноста за користење на втората транша.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕГИОНАЛНА ГАСИФИКАЦИЈА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС НОМАГАС СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ И ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот

III. VLERËSIMI I PASOJAVE FINANCIARE TË PROPOZIMLIGJIT NDAJ BUXHETIT DHE MJETET E TJERA FINANCIARE

SHA NOMAGAS Shkup do të marrë hua në vlerë prej 98.600.000 eurove për financimin e Projektit të gazifikimit rajonal.
BERZH-i kushtëzon aprovimin e huasë me dhënien e garancisë nga Republika e Maqedonisë së Veriut. Gjegjësisht, Republika e Maqedonisë së Veriut garanton shlyerjen e detyrimeve dhe përmbushjen e dispozitave të Marrëveshjes së huasë, që do të nënshkruhet ndërmjet SHA NOMAGAS Shkup dhe BERZH-it në vlerë prej 98.600.000 eurove, në afate dhe kushte të parapara me Marrëveshjen e huasë, nëse SHA NOMAGAS Shkup nuk i përmbush dhe servison detyrimet e marrëveshjes së huasë.
Huaja jepet në dy transhe edhe atë transheja e parë është në vlerë prej 66.344.000 eurove, ndërsa transheja e dytë është në vlerë prej 32.256.000 eurove.
Afati i shlyerjes së dy transheve të huasë është 15 vjet me periudhë të përfshirë grejs prej tri viteve. Dy transhetë e huasë do të shlyhen në 24 këste gjysmëvjetore, më datë 10 qershor dhe 10 dhjetor të çdo viti. Afati për shlyerjen e transhesë së parë fillon nga data e parë e përfundimit të vitit të tretë nga nënshkrimi i marrëveshjes së huasë, ndërsa afati për shlyerjen e transhesë së dytë fillon nga data e parë e përfundimit të vitit të tretë nga dita e disponueshmërisë së shfrytëzimit të transhesë së dytë.

IV. VLERËSIMI I MJETEVE FINANCIARE TË NEVOJSHME PËR ZBATIMIN E LIGJIT, MËNYRA E SIGURIMIT TË TYRE, TË DHËNA NËSE ZBATIMI I LIGJIT SHKAKTON DETYRIME MATERIALE PËR SUBJEKTE TË CAKTUARA

Mjetet financiare të nevojshme për zbatimin e këtij ligji janë sqaruar në Pjesën e 3 të këtij propozimligji, si dhe në Formularin për vlerësimin e implikimeve fiskale, në bashkëngjitje të këtij materiali.

V. PROCEDURA E SHKURTUAR PËR MIRATIMIN E LIGJIT TË GARANCISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË LIDHUR ME DETYRIMET MBI MARRËVESHJEN E HUASË PËR FINANCIMIN E PROJEKTIT TË GAZIFIKIMIT RAJONAL, QË DO TË NËNSHKRUHET NDËRMJET SHOQËRISË AKSIONARE TË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE – PËRÇIMI I GAZIT NATYROR NOMAGAS SHKUP NË PRONËSI TË SHTETIT DHE BANKËS EUROPIANE PËR RINDËRTIM DHE ZHVILLIM

Duke pasur parasysh se janë plotësuar kushtet e përcaktuara në nenin 170 alineja (1) e Rregullores

на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој, да се донесе по скратена постапка.

së Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, përkatësisht se nuk bëhet fjalë për miratimin e një ligji të ndërlikuar dhe vëllimor, propozohet që Ligji i Garancisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut lidhur me Detyrimet mbi Marrëveshjen e Huasë për Financimin e Projektit të Gazifikimit Rajonal, që do të nënshkruhet ndërmjet Shoqërisë Aksionare të Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror Nomagas Shkup, në pronësi të shtetit dhe Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim, të miratohet me procedurë të shkurtuar.

Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој

Propozimligji i Garancisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut lidhur me Detyrimet mbi Marrëveshjen e Huasë për Financimin e Projektit të Gazifikimit Rajonal, që do të nënshkruhet ndërmjet Shoqërisë Aksionare të Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në Pronësi të Shtetit dhe Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim

Член 1

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој во износ до 98.600.000 евра, доколку Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Neni 1

Republika e Maqedonisë së Veriut garanton shlyerjen e detyrimeve dhe përmbushjen e dispozitave të Marrëveshje ssë huasë për financimin e Projektit të gazifikimit rajonal, që do të nënshkruhet ndërmjet Shoqërisë Aksionare për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në pronësi të shtetit dhe Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim në vlerë prej 98.600.000 eurove, nëse Shoqëria Aksionare për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në pronësi të shtetit, nuk i përmbush dhe servison detyrimet e Marrëveshjes së huasë.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Договорот за заем од членот 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој за финансирање на Проектот за регионална гасификација.

Neni 2

Me Marrëveshjen e huasë, përcaktohen kushtet dhe mënyra e shfrytëzimit të huasë nga neni 1 e këtij ligji, që do të nënshkruhet ndërmjet Shoqërisë Aksionare për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike të Përçimit të Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në pronësi të shtetit dhe Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim për financimin e Projektit të gazifikimit rajonal.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги врши Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Neni 3

Të gjitha detyrimet që rezultojnë nga marrëveshja e huasë nga neni 1 i këtij ligji, si dhe servisimin e huasë do t'i kryejë Shoqëria Aksionare e Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në pronësi të shtetit, nga të ardhurat që i realizon, në afatet dhe kushtet e përcaktuara me Marrëveshjen e huasë nga neni 1 i këtij ligji.

Член 4

Заемот од членот 1 од овој закон се доделува во две транши. Првата транша е во износ од 66.344.000 евра, а втората транша е во износ од

Neni 4

Huaja nga neni 1 i këtij ligji ofrohet në dy transhe. Transheja e parë është në vlerë prej 66.344.000

32.256.000 евра.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Рокот за отплата на двете транши од заемот од ставот 1 на овој член е 15 години со вклучен грејс период од три години. Двете транши од заемот ќе се отплаќаат во 24 полугодишни рати на 10 јуни и на 10 декември секоја година. Рокот на отплата на првата транша започнува од првиот датум од навршување на третата година од склучување на Договорот за заем, додека рокот за отплата на втората транша започнува од првиот датум од навршување на третата година од денот на достапноста за користење на втората транша.

Европската банка за обнова и развој во име на заемопримачот ќе повлече од средствата на заемот еднократна провизија во висина од 1% од износот на првата транша во рок од седум дена од денот на ефективност на првата транша.

Европската банка за обнова и развој во име на заемопримачот ќе повлече од средствата на заемот еднократна провизија во висина од 1% од износот на втората транша во рок од седум дена од денот на достапноста за користење на втората транша.

Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост ќе и плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво.

Провизијата за неповлечени средства за првата транша ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем од член 1 од овој закон.

Провизијата за неповлечени средства за втората транша ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на достапноста за користењето на втората транша.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

eurove, ndërsa transheja e dytë është në vlerë prej 32.256.000 eurove.

Norma e interesit është variabile dhe përbëhet nga EURIBORI gjashtëmujor, i rritur për margjinën prej 1%.

Afati i shlyerjes së dy transheve të huasë nga paragrafi (1) të këtij neni është 15 vjet, me periudhë të përfshirë grejs prej tri viteve. Të dy transhetë e huasë do të shlyhen në 24 këste gjysmëvjetore, më datë 10 qershor dhe 10 dhjetor të çdo viti. Afati për shlyerjen e transhesë së parë fillon nga data e parë e përfundimit të vitit të tretë nga nënshkrimi i marrëveshjes së huasë, ndërsa afati për shlyerjen e transhes së dytë fillon nga data e parë e përfundimit të vitit të tretë nga dita e disponueshmërisë së shfrytëzimit të transhesë së dytë.

Banka Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim, në emër të huamarrësit, do t’i tërheqë mjetet e huasë me provizion të njëhershëm në vlerë prej 1% të vlerës së transhesë së parë në afat prej shtatë ditëve nga dita e efektivitetit të transhesë.

Banka Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim do t’i tërheqë mjetet të huasë me provizion të njëhershëm në vlerë prej 1% të vlerës së transhesë së dytë në afat prej shtatë ditëve nga dita e disponueshmërisë për shfrytëzimin e transhesë së dytë.

Shoqëria Aksionare për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në pronësi të shtetit, do t’i paguajë Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim provizion për mjetet e patërhequra në vlerë prej 0.5% të huasë në nivel vjetor.

Provizioni për mjetet e patërhequra për transhenë e parë do të fillojë që të përllogaritet pas 60 ditëve nga dita e nënshkrimit të Marrëveshjes së huasë nga neni 1 i këtij ligji.

Provizioni për mjetet e patërhequra për transhenë e dytë do të fillojë të përllogaritet pas 60 ditëve nga dita e disponueshmërisë së shfrytëzimit të transhesë së dytë.

Neni 5

Për rregullimin e të drejtave dhe detyrimeve të ndërsjella, si rezultat i Marrëveshjes së huasë nga neni 1 i këtij ligji, si dhe Marrëveshjes së garancisë, Ministria e Financave dhe Shoqëria Aksionare e Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në pronësi të shtetit, do të nënshkruajnë marrëveshje të veçantë.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e publikimt në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со овој Закон, Република Северна Македонија го гарантира исполнувањето на обврските од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу ЕБОР и НОМАГАС АД Скопје по Проектот за регионална гасификација, во износ од 98.600.000 евра, доколку НОМАГАС АД Скопје не ги исполнува и сервисира обврските во рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Сервисирањето на заемот ќе го врши НОМАГАС АД Скопје во рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Заемот се доделува во две транши и тоа првата транша е во износ од 66.344.000 евра, а втората транша е во износ од 32.256.000 евра.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Рокот за отплата на двете транши од заемот е 15 години со вклучен грејс период од три години. Двете транши од заемот ќе се отплаќаат во 24 полугодишни рати на 10 јуни и на 10 декември секоја година. Рокот на отплата на првата транша започнува од првиот датум од навршување на третата година од склучување на Договорот за заем, додека рокот за отплата на втората транша започнува од првиот датум од навршување на третата година од денот на достапноста за користење на втората транша.

ЕБОР во име на НОМАГАС АД Скопје ќе повлече од средствата на заемот еднократна провизија во висина од 1% од износот на првата транша во рок од седум дена од денот на ефективност на првата транша.

Во рок од седум дена од денот на достапноста за користење на втората транша ЕБОР во име на НОМАГАС АД Скопје ќе повлече од средствата на заемот еднократна провизија во висина од 1% од износот на втората транша.

НОМАГАС АД Скопје ќе и плаќа на ЕБОР провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво.

Провизијата за неповлечени средства за првата транша ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем.

ARSYETIMI MBI PROPOZIMLIGJIN

I. SQARIMI I PËRMBAJTJES SË DISPOZITAVE TË PROPOZIMLIGJIT

Me këtë ligj, Republika e Maqedonisë së Veriut garanton shlyerjen e detyrimeve dhe përmbushjen e dispozitave të Marrëveshjes së huasë, që do të nënshkruhet ndërmjet BERZH-it dhe SHA NOMAGAS Shkup në vlerë prej 98.600.000 eurove, në afate dhe kushte të parapara me Marrëveshjen e huasë, nëse SHA NOMAGAS Shkup nuk i përmbush dhe servison detyrimet e marrëveshjes së huasë.

Servisimin e huasë do ta kryejë SHA NOMAGAS Shkup në afatet dhe kushtet e parapara me Marrëveshjen e huasë.

Huaja jepet në dy transhe edhe atë transheja e parë është në vlerë prej 66.344.000 eurove, ndërsa transheja e dytë është në vlerë prej 32.256.000 eurove.

Norma e interesit është variabile dhe përbëhet nga EURIBORI gjashtëmujor, i rritur për margjinën prej 1%.

Afati i shlyerjes së dy transheve të huasë është 15 vjet, me periudhë të përfshirë grejs prej tri viteve. Të dy transhetë e huasë do të shlyhen në 24 këste gjysmëvjetore, më datë 10 qershor dhe 10 dhjetor të çdo viti. Afati për shlyerjen e transhesë së parë fillon nga data e parë e përfundimit të vitit të tretë nga nënshkrimi i marrëveshjes së huasë, ndërsa afati për shlyerjen e transhesë së dytë fillon nga data e parë e përfundimit të vitit të tretë nga dita e disponueshmërisë së shfrytëzimit të transhesë së dytë.

BERZH-i, në emër të SHA NOMAGAS Shkup, do t'i tërheqë mjetet e huasë me provizion të njëhershëm në vlerë prej 1% të vlerës së transhesë së parë në afat prej shtatë ditëve nga dita e efektivitetit të transhesë së parë.

Në afat prej shtatë ditëve nga dita e disponueshmërisë së shfrytëzimit të transhesë së dytë, BERZH-i do t'i tërheqë mjetet e huasë me provizion të njëhershëm në vlerë prej 1% të vlerës së transhesë së dytë.

SHA NOMAGAS Shkup do t'i paguajë BERZH-it provizion për mjetet e patërhequra në vlerë prej 0.5% të huasë në nivel vjetor.

Provizioni për mjetet e patërhequra për transhenë e parë do të fillojë që të përllogaritet pas 60 ditëve nga dita e nënshkrimit të Marrëveshjes së huasë.

Провизијата за неповлечени средства за втората транша ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на достапноста за користењето на втората транша.

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и НОМАГАС АД Скопје ќе склучат посебен договор.

ЕБОР го условува одобрувањето на заемот со давање на гаранција од страна на Република Северна Македонија, заради што Република Северна Македонија ќе склучи Договор за гаранција со ЕБОР, со кој ќе го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, доколку НОМАГАС АД Скопје не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14, 165/14, 98/19 и 151/21), во име на Владата на Република Северна Македонија, Министерот за финансии потпишува договор за издавање на гаранција кон странски заемодавач, како и договор за обезбедување на државна гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за издавање на државна гаранција.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој, по скратена постапка кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем и Договор за гаранција со цел реализација на Проектот за регионална гасификација, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

По усвојувањето на Законот за гаранција од страна на Собранието на Република Северна Македонија и неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија", предвидено е склучување на:

- Договор за гаранција, меѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и ЕБОР,

Provizioni për mjetet e patërhequra për transhenë e dytë do të fillojë të përllogaritet pas 60 ditëve nga dita e disponueshmërisë së shfrytëzimit të transhesë së dytë.

Për rregullimin e të drejtave dhe detyrimeve të ndërsjella, si rezultat i Marrëveshjes së huasë dhe Marrëveshjes së garancisë, Ministria e Financave dhe SHA NOMAGAS Shkup do të nënshkruajnë marrëveshje të veçantë.

BERZH-i kushtëzon aprovimin e huasë me dhënien e garancisë nga Republika e Maqedonisë së Veriut, me ç'rast Republika e Maqedonisë së Veriut do të nënshkruajë Marrëveshje të garancisë me BERZH-in, me të cilën garanton shlyerjen e detyrimeve dhe përmbushjen e dispozitave me Marrëveshjen e huasë, nëse SHA NOMAGAS Shkup nuk përmbush dhe servison detyrimet e marrëveshjes së huasë.

Sipas Ligjit të Borxhit Publik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.62/05, 88/08, 35/11, 139/14, 165/14, 98/19 dhe 151/21), në emër të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, ministri i Financave e nënshkruan marrëveshjen e dhënies së garancisë ndaj huadhënësit të huaj, si dhe marrëveshjen e sigurimit të garancisë shtetërore me subjektin në emrin e të cilit është lëshuar, në bazë të ligjit të miratuar paraprakisht për lëshinin e garancisë shtetërore.

Për shak të urgjencës së asaj që është cekur më lart, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut hartoi Propozimligjin e Garancisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut lidhur me Detyrimet mbi Marrëveshjen e huasë për financimin e Projektit të Gazifikimit rajonal, që do të nënshkruhet ndërmjet Shoqërisë Aksionare të Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup në Pronësi të Shtetit dhe Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim, me procedurë të shkurtuar, që e dorëzon në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriut për miratim.

Për shkak të nevojës urgjente për nënshkrimin e Marrëveshjes së huasë dhe Marrëveshjes së garancisë, me qëllim të realizimit të Projektit të gazifikimit rajonal, ky ligj duhet të hyjë në fuqi në ditën e publikimin e tij në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Pas miratimit të Ligjit të Garancisë nga Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe publikimit të tij në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", parashihet nënshkrimi i:

- Marrëveshjes së garancisë ndërmjet Republikës së Maqedonisë së Veriut, e përfaqësuar nga Ministria e Financave dhe BERZH-it;

- Договор за заем, меѓу НОМАГАС АД Скопје и ЕБОР,
- Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу Министерството за финансии и НОМАГАС АД Скопје.

- Marrëveshjes së huasë ndërmjet SHA NOMAGAS Shkup dhe BERZH-it,
- Marrëveshjes së rregullimit të të drejtave dhe detyrimeve të ndërsjella ndërmjet Ministrisë së Financave dhe SHA NOMAGAS Shkup.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација.

II. LIDHJA E NDËRSJELLË E ZGJIDHJEVE TË PËRFSHIRA NË DISPOZITAT E PROPOZUARA

Dispozitat e propozuara janë përshkrim i përgjithshëm i kushteve financiare sipas të cilave do të lidhet Marrëveshja e huasë për financimin e Projektit të gazifikimit rajonal.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Проектот за регионална гасификација е од стратешко значење за Република Северна Македонија. Имплементацијата на проектот ќе придонесе кон обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните.
Проектот ќе придонесе за економски развој на регионот и енергетска регионална соработка.
Унапредување и заштита на животната средина со поголема искористеност на природниот гас како еколошки чист енергенс итн. Со оглед на фактот што во Република Северна Македонија има многу високо загадување на воздухот поради согорувањето на дрва, нафта и ѓубре за греење, придобивките од воведувањето на природен гас може да се види и преку унапредување и заштита на животната средина со поголема искористеност на природниот гас.
Република Северна Македонија е земја која досега се потпира на цврсти горива со широк опсег на употреба на енергија и главно греење и производство на електрична енергија. Резултатот е високо производство на јаглерод диоксид.

Согласно стратегиите и националните планови за развој на енергетиката во Република Северна Македонија, природниот гас претставува транзитен енергент кон зелената енергија и неговата поширока достапност е придонес кон развој на зелената енергија.

III. PËRFITIMET QË DO TË REZULTOJNË NGA ZGJIDHJET E PROPOZUARA

Projekti për gazifikimin rajonal ka rëndësi strategjike për Republikën e Maqedonisë së Veriut. Implementimi i këtij projekti do të kontribuojë në sigurimin e rritjes ekonomike të përshpejtuar dhe të qëndrueshme, standardin më të lartë të jetesës dhe cilësinë e jetës së qytetarëve.
Projekti do të kontribuojë në zhvillimin ekonomik të rajonit dhe bashkëpunimin rajonal në fushën e energjetikës.
Avancimi dhe mbrojtja e mjedisit jetësor me shfrytëzim më të madh të gazit natyror, si energjent i pastër ekologjik etj. Duke pasur parasysh faktin që në Republikën e Maqedonisë së Veriut ka ndotje shumë të madhe të ajrit për shkak të djegjes së drurit, naftës dhe mbeturinave për ngrohje, përfitimet nga vendosja e gazit natyror mund të vërehen edhe përmes avancimit dhe mbrojtjes së mjedisit jetësor me shfrytëzimin më të madh të gazit natyror.
Republika e Maqedonisë së Veriut është vendi që deri më tani është mbështetur mbi lëndët djegëse të ngurta me gamë të gjerë të shfrytëzimit të energjisë dhe kryesisht ngrohje dhe prodhim të energjisë elektrike. Rezultati është prodhimi i madh i dioksidit të karbonit.

Sipas strategjive dhe planeve nacionale për zhvillimin e energjetikës në Republikën e Maqedonisë së Veriut, gazi natyror paraqet energjent tranzitor drejt energjisë së gjelbër dhe disponueshmëria e tij më e gjerë paraqet kontribut në zhvillimin e energjisë së gjelbër.

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

# FORMULAR PËR VLERËSIMIN E IMPLIKIMEVE FISKALE NË PROPOZIMIN E DISPOZITAVE DHE AKTEVE TË PËRGJITHSHME TË PARASHTRUARA NË QEVERINË E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT PËR MIRATIMIN E TYRE

| 1. Назив на предлогот: / Titulli i propozimit: | 2. Министерство / орган на државна управа: Ministria / organi i administratës shtetërore: |
|---|---|
| Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој, по скратена постапка/<br>Propozimligji i Garancisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut lidhur me Detyrimet mbi Marrëveshjen e Huasë për Financimin e Projektit të Gazifikimit Rajonal, që do të nënshkruhet ndërmjet Shoqërisë Aksionare të Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në Pronësi të Shtetit dhe Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim, me procedurë të shkurtuar | Министерство за финансии /<br>Ministria e Financave |
| 3. Цел на предлогот: / Qëllimi i propozimit: | 4. Вид на предлог: / Lloji i propozimit: |
| Обезбедување на финансиски средства за финансирање на Проектот за регионална гасификација /<br>Sigurimi i mjeteve financiare për financimin e Projektit të gazifikimit rajonal | Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој, по скратена постапка/<br>Propozimligji i Garancisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut lidhur me Detyrimet mbi Marrëveshjen e Huasë për Financimin e Projektit të Gazifikimit Rajonal, që do të nënshkruhet ndërmjet Shoqërisë Aksionare të Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në Pronësi të Shtetit dhe Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim, me procedurë të shkurtuar. |

| 5. Контакт лице и звање: / Personi për kontakt dhe titulli: | 6. Контакт тел./факс или е-пошта: Kontakt tel./faks ose e-posta |
|---|---|
| Сузана Пенева, државен советник/ Suzana Peneva, këshilltare shtetërore | Тел. / Tel. 3255-373 suzana.stoimceva@finance.gov.mk |

| 7. Активност: / Aktivitete: |
|---|
| |

| 8. Вид на барање: / Lloji i kërkesës: | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ / Rregullativa në lidhje me BE | ( ) Нова програма Program i ri | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми Rishpërndarja (e mjeteve) midis dy programeve |
| ( ) Друга нова регулатива / Rregullativë tjetër e re | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма Zmadhimi / zvogëlimi i programit ekzistues | ( ) Спојување на две или повеќе програми / Bashkimi i dy ose më shumë programeve |

| 9. Цел на барањето / предложената активност: / Qëllimi i kërkesës / aktivitetit të propozuar: |
|---|
| По усвојување на Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој, по скратена постапка, а со цел обезбедување на средства за финасирање на овој проект, ќе се пристапи кон потпишување на Договорот за заем и Договорот за гаранција за овој проект. / Pas miratimit të Propozimligjit të Garancisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut lidhur me Detyrimet mbi Marrëveshjen e Huasë për Financimin e Projektit të Gazifikimit Rajonal, që do të nënshkruhet ndërmjet Shoqërisë Aksionare të Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup, në Pronësi të Shtetit dhe Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim, me procedurë të shkurtuar dhe me qëllim të sigurimit të mjeteve financiare për financimin e projektit në fjalë do të nënshkruhet Marrëveshja e huasë, si dhe Marrëveshja e garancisë për këtë projekt. |

| 10. Врска со владината програма: / Lidhja me programin e qeverisë: |
|---|
| |

| 11. Фискални импликации: / Implikime fiskale Implikime fiskale: | (илјади денари) / (mijëra denarë) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Тековна год. Viti aktual | Втора год. Viti i dytë | Трета год. Viti i tretë | Четврта год. Viti i katër |
| A.Вкупни трошоци за предлогот / Shpenzimet e përgjithshme për propozimin<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transferta<br>Вкупно / Gjithsej | | | | |
| B.Одобрени средства за предлогот / Mjetet e miratuara për propozimin<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transferta<br>Вкупно / Gjithsej | | | | |
| C.Промена (разлика) од одобрените средства (B-A) /<br>Ndryshimi (diferenca) nga mjetet e miratuara (B-A)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери / Transferta<br>Вкупно / Gjithsej | | | | |
| D.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) / Mjete në dispozicion nga të hyrat (nga aktivitetet tjera ose programet në organ)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transferta<br>Вкупно / Gjithsej | | | | |
| E. Нето импликации на средствата на органот (C-D) / Implikimet neto të mjeteve të organit (C-D)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transferta<br>Вкупно / Gjithsej | | | | |
| F. Зголемување / намалување на приходите / Zmadhimi / zvogëlimi i të hyrave | | | | |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Burime shtesë të financimit ose ndarja e shpenzimeve<br>Извор:/ Burimi: Заем од Европската банка за обнова и развој /<br>Hua nga Banka Evropiane për Rindërtim dhe Zhvillim | | | | |
| 12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: / Zmadhimi / zvogëlimi neto i numrit të të punësuarve në lidhje me propozimin | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 G)<br><br>Çfarë garancione, hua dhe obligime të vërteta ose të mundshme do të dalin për Qeverinë (të cilat janë të paraqitura në pikën 11 A deri te 11 G) | Европска банка за обнова и развој одобрувањето на заемот го условува со давање на гаранција од страна на Република Северна Македонија. Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Проектот за регионална гасификација, кој ќе се склучи меѓу Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и Европската банка за обнова и развој во износ од 98.600.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем. /<br><br>Banka Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim kushtëzon aprovimin e huasë në fjalë me dhënien e garancisë nga Republika e Maqedonisë së Veriut. Republika e Maqedonisë së Veriut garanton shlyerjen e detyrimeve dhe përmbushjen e dispozitave të Marrëveshjes së huasë për financimin e Projektit të gazifikimit rajonal, që do të nënshkruhet ndërmjet Shoqërisë Aksionare të Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup në Pronësi të Shtetit dhe Bankës Europiane për Rindërtim dhe Zhvillim në vlerë prej 98.600.000 eurove, në afatet dhe me kushtet e parapara me Marrëveshjen e huasë, nëse Shoqëria Aksionare e Kryerjes së | | | |

| | |
|---|---|
| | Veprimtarisë Energjetike – Përçimi i Gazit Natyror NOMAGAS Shkup në pronësi të shtetit nuk i përmbush dhe servison detyrimet në bazë të Marrëveshjes së huasë. |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение / Nëse kjo paraqet kërkesë për mjete plotësuese në vitin fiskal vijues ose jashtë ciklit normal të përgatitjes së buxhetit, të jepet arsyetim | |
| 15. Дата на завршување на проценката Data e mbarimit të vlerësimit | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење Data e dërgimit të analizës drejtuar Ministrisë së Financave për mendim | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии / Data e marrjes së përgjigjes nga Ministria e Financave | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии Ndryshime të kërkuara nga Ministria e Financave | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: Përgjigje nga ministria-propozues: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: Përgjigje nga Ministria e Financave: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог A është dhënë në shtojcë mendimi i Ministrisë së Financave | |
| 22. Одобрено/ Miratuar / Дата / Data: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ______________ Потпис на Државен Секретар или Директор на Орган/ Nënshkrimi i Sekretarit Shtetëror ose i Drejtorit të Organit | ___/___/_____ Ден / месец / год. Dita / muaji / viti | Потпис на Министерот Nënshkrimi i Ministrit Dr. Fatmir Besimi | ___/___/_____ Ден/ месец/год. Dita / muaji / viti |

*Материјалот не предизвикува фискални импликации.
*Materiali nuk shkakton implikime fiskale

Изработил:/Përgatiti: Јасемин Хајро/Ана Димитриевска
Проверил:/Verifikoi: м-р Ленче Божиноска/Драгана Филиповска
Согласен:/Pajtohet: м-р Андрија Алексоски/Кристина Павловска
Одобрил:/Miratoi: Сузана Пенева
Превел/Përktheu: Далибор Сандев
Контролирал превод/Kontrolloi përkthimin: Adriana Fejzullahu